РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.33.УП.004.01

# УПАТСТВО
# ЗА ПРИЕМ НА ЦАРИНСКА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ИЗВОЗ ПРЕД СТАВАЊЕ НА СТОКАТА НА УВИД

Април 2013

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 00 | 04. 04. 2013 | Прво издание | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за Царинска управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11 и 113/12), директорот на Царинската управа донесе

# УПАТСТВО ЗА ПРИЕМ НА ЦАРИНСКА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ИЗВОЗ ПРЕД СТАВАЊЕ НА СТОКАТА НА УВИД

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се уредува начинот и постапката на поднесување и прием на царинска декларација за извоз пред ставање на стока на увид на царинскиот орган.

   Под царински орган во смисла на ова упатство се подразбираат сите царински испостави надлежни за спроведување на постапката за извоз (во понатамошниот текст: царински испостави за извоз).

2. При спроведување на постапката од точка 1 на ова упатство се применуваат одредбите од член 111 став 2 и 3 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, со кои се овозможува поднесување на царинска декларација пред ставање на стоката на увид на царинските испостави за извоз.

3. Прием на царинска декларација за извоз пред ставање на стоката на увид може да се одобри само за стока:

   - за која не се предвидени посебни мерки на трговската политика и
   - не претставува стока со поголем ризик од измама.

4. За прием и обработка на барањата и изготвување на одобренијата за поднесување на царинска декларација за извоз пред ставање на стоката на увид на царинските испостави за извоз надлежен е Секторот за царински систем, Одделение за царински и даночни постапки согласно Процедурата за издавање на одобренија, решенија и други видови заклучоци.

5. За спроведување на донесените одобренија за поднесување на царинска декларација за извоз пред ставање на стоката на увид надлежни се сите царински испостави за извоз.

6. Надлежните организациони единици на Царинската управа според одредбите на ова Упатство се должни меѓусебната комуникација да ја вршат на начин определен со одредбите на Прирачникот за интерна комуникација помеѓу организационите единици во ЕДМС.

## II. Постапка за издавање на одобрение

7. Постапката за издавање на одобрение за поднесување на царинска декларација за извоз пред ставање на стоката на увид се спроведува врз основа на Барање-Образец 01.30.33.УП.004.01-ОБ.01.01 даден во прилог на ова упатство, поднесено од овластен застапник (застапник кој поседува одобрение за вршење на работи за застапување во царинските постапки) или декларант кој поднесува царинска декларација во свое име (во понатамошниот текст: подносител на барање).

8. Веднаш по приемот на барањето, а пред да го додели на натамошна постапка на Секторот за царински систем, Одделение за царински и даночни постапки, архивата на Царинската управа проверува дали е платена пропишаната административна такса за овој вид на поднесоци и постапува согласно одредбите на Упатството за начинот на наплата на административни такси. Доколку барањето е испратено преку порталот за електронска достава на барања на интернет страницата, со истото се постапува согласно одредбите на Корисничкото упатство за архивска обработка на електронски барања.

9. Одделението за царински и даночни постапки е должно веднаш, а најдоцна во рок од два работни дена да изврши проверка дали применото барање е во согласност со ова упатство и да изготви предлог одобрение за поднесување на царинска декларација за извоз пред ставање на стоката на увид на царинската испостава за извоз, на Образец 01.30.33.УП.004.01-ОБ.02.01 даден во прилог на ова упатство.

   Во предлог одобрението од став 1 на оваа точка задолжително се наведуваат царинските испостави за извоз кои ќе бидат надлежни да го спроведат одобрението, а составен дел на истото е Список на стоки и на економски оператори за кои се однесува.

10. Одобрението од точка 9 на ова упатство по предлог на помошник директорот на Секторот за царински систем, го донесува директорот на Царинската управа или од него овластено лице согласно Процедурата за издавање на одобренија, решенија и други видови заклучоци.

## III. Поднесување на царинска декларација за извоз и ставање на стока на увид на царинска испостава за извоз

11. Царинската декларација за извоз (во понатамошниот текст: декларација) може да се поднесе најдоцна 2 часа пред ставањето на стоката на увид.

12. Надлежниот царински службеник е должен да провери дали кон поднесената декларација се приложени копии од документите потребни за започнување на царинската постапка за извоз. Доколку во моментот на поднесување на декларацијата недостасува фактура, ЕУР 1 или транспортен документ се дозволува да се поднесе и друг документ (спецификација, пакинг листа, изјава) или било кој друг документ кој ги содржи потребните податоци.

13. Декларацијата мора да биде пополнета согласно Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат, а во рубрика 44 задолжително да биде внесен бројот на одобрението од точка 10 на ова упатство.

14. Ако декларацијата е правилно пополнета, надлежниот царински службеник е должен веднаш истата да ја прифати, да изврши документарна проверка, да ја регистрира во системот за обработка на декларации и во рубрика Г на декларацијата да стави забелешка „поднесена декларација пред ставање на стоката на увид".

15. Во натамошниот тек на постапката со регистрираната декларација (измена на податоци во декларација, поништување на декларација, преглед на стока, утврдување на количината и карактеристиките на стоката, земање на мостри, утврдување на други елементи, поволности, забрани и ограничувања, обезбедување и евидентирање на евентуалниот царински долг и др.) се применува Упатството за царинење на стока.

16. Регистрираните декларации не се враќаат на подносителот, односно се чека пристигнувањето на стоката и нејзино ставање на увид, а по извршениот преглед согласно анализата на ризик која се врши во моментот на пристигнување на стоката, надлежниот царински службеник е должен да го пломбира возилото.

17. Надлежниот царински службеник е должен броевите од употребените пломби рачно да ги евидентира во рубрика Г (ставени пломби – вкупен број) на веќе регистрираната декларација (во електронскиот запис не се евидентира бројот

на пломбата), при што соодветно се применува Упатството за начинот на работа со царински пломби.

18. Ако во рок од 48 часа од поднесувањето на декларацијата стоката не биде ставена на увид, ќе се смета дека декларацијата не била ни поднесена, при што надлежната царинска испостава е должна декларацијата веднаш да ја поништи по службена должност.

19. Контролорот е должен во дежурната книга на апликацијата SIM да го евидентира бројот на регистрирани и поништени декларации согласно ова упатство.

20. Доколку стоката не е ставена на увид во смената која документарно ја обработила поднесената декларација, контролорот е должен регистрираната декларација со сите прилози да ја примопредаде на контролорот на наредната смена преку запис во дежурната книга на апликацијата SIM.

## IV. Преодни и завршни одредби

21. Се задолжуваат управниците на царинарниците да ги запознаат вработените во организационите единици во нивна надлежност со содржината на донесеното упатство.

22. Се задолжува Секторот за царински систем во соработка со Секторот за информатички и комуникациски технологии во рок од 5 дена по стапувањето на сила да го објави ова Упатство на интернет и интранет страницата на Царинската управа.

23. Се задолжува Секторот за царински систем во соработка со Секторот за управување со човечки ресурси - Одделение за обуки, во рок од 30 дена по стапувањето на сила преку видео конференциска врска да организираат презентација на ова Упатство на царинските службеници.

24. Непридржувањето кон ова Упатство повлекува дисциплинска одговорност.

25. Ова Упатство стапува во сила со денот на донесувањето

Бр. 01-017680/13-0001
Скопје, 04. 04. 2013

Директор
Ванчо Каргов

Прилози:

Образец 01.30.33.УП.004.01-ОБ.01.01 - Барање за добивање на одобрение за поднесување на царинска декларација за извоз пред ставање на стоката на увид на царинска испостава за извоз

Образец 01.30.33.УП.004.01-ОБ.01.01 - Одобрение за поднесување на царинска декларација за извоз пред ставање на стоката на увид на царинска испостава за извоз

Изработил: Димче Аџиоски
Одобрил: Раде Митевски

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија,<br>Управници на Царинарници |
| Примерок доставен: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Сектор за управување со човечки ресурси<br>Архива |

# БАРАЊЕ
## на одобрение за поднесување на царинска декларација за извоз пред ставање на стоката на увид на царинска испостава за извоз

**1. Подносител на барање**

Назив

Седиште

Даночен број

Контакт лице тел.бр.

Електронска пошта

**2. Вид на одобрение кое се бара**

Наведете го видот на одобрението кое го барате. Доколку изменувате постоечко одобрение или го обновувате, наведете го бројот на одобрението.

▫Прво
▫Сукцесивно (Приложете податоци за претходно одобрение)
▫Измени на постоечко одобрение Одобрение бр.
▫Обновување на постоечко одобрение Одобрение бр.
Датум на важење

**3. Податоци за стока која ќе се става во постапка**
(описот на стоката треба да биде доволен за јасна идентификација)

| **Тарифна ознака** | **Опис** трговски/комерцијален | **Количина** (предвидена) | **Вредност** (предвидена) |
|---|---|---|---|
| | | | |

ф

4.1
Назив
Седиште
Даночен број
Контакт лице тел.бр.
електронска пошта

4.2.
Назив
Седиште
Даночен број
Контакт лице тел.бр.
електронска пошта

**5. Царински орган(и)**

(а) **за започнување на постапка**
(б) **за завршување на постапка**

**6. Датум и подносител**

| | | |
|---|---|---|
| **Датум:** | **Печат** | **Име, презиме и потпис на одговорно лице** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.33.УП.004.01.-ОБ.02.01

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за Царинска управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11 и 113/12), директорот на Царинската управа донесе

## О Д О Б Р Е Н И Е

## за поднесување на царинска декларација за извоз пред ставање на стоката на увид на царинска испостава за извоз

1. Се уважува барањето на подносителот од со дан.бр. и му се одобрува поедноставување на постапката за поднесување на царинска декларација за извоз пред ставање на стока на увид на царинска испостава за извоз за економските оператори и стоките наведени во Списокот кој е составен дел на ова одобрение.

2. Се задолжува подносителот од поднесувањето на царинска декларација за извоз да го врши најдоцна 2 часа пред пристигање на стоката на царинска испостава за извоз, а кон царинската декларација да ги приложува сите документи потребни за започнување на царинската постапка (во копија).

3. Се задолжува надлежната царинска испостава доколку стоката не биде ставена на увид во рок од 48 часа од поднесување на царинската декларација, истата да ја смета како да не е поднесена и да ја поништи по службена должност.

4. Се задолжува подносителот по пристигање на стоката за која е спроведена постапката на поднесување на царинска декларација пред ставање на стока на увид на царинска испостава за извоз, да ја спроведе постапката согласно член 68 до 87 од Царинскиот Закон.

5. Жалбата не го одлага извршувањето на ова одобрение.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Подносителот од на ден година поднесе барање за одобрение за поднесување на царинска декларација за извоз пред ставање на стоката на увид на царинска испостава за извоз

Кон барањето приложи список на економски оператори и стоки за кои го бара предметното одобрение.

Разгледувајќи го барањето и приложените докази Царинската управа утврди дека за стоките за кои се бара ова одобрение не се предвидени посебни мерки на трговската политика и исклучуваат стоки со поголем ризик од измама.

Врз основа на наведеното, имајќи ги во предвид одредбите од член 68 до член 87 од Царинскиот закон и член 111, став 2 и 3 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, се одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

Жалбата не го одлага извршувањето на ова одобрение, согласно член 7 став 4 од Царинскиот закон.

Упатство за правно средство:

Против ова одобрение може да се поднесе жалба до Министерот за финансии, преку Царинската управа таксирана со 250,00 денари административна такса.

Административна такса од точка 1 и 95 од ТАТ на Законот за административни такси во износ од 550,00 денари е наплатена.

К:бр.
Скопје,

Директор
Ванчо Каргов

Прилог: Список на економски оператори и стоки

Изработил:
Одобрил:
Согласен:

Доставено до:
- подносител
- царинска испостава
- писарница
- предмет